**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ИНЖЕНЕРСКА ЕКОНОМИКА“**
**ОД АВТОР ПРОФ. ДР. ВЛАТКО ЧИНГОСКИ**
**ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302-74/15 од 79. редовна седница на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет, одржана на 28 мај 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Кирил Постолов**, вонреден професор на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
- **д-р Татјана Атанасова-Пачемска**, вонреден професор на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**ИНЖЕНЕРСКА ЕКОНОМИКА**” од **автор д-р Влатко Чингоски, вонреден професор,** наменет за студентите на прв циклус студии на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот за учебникот **„Инженерска економика“** од авторот ***проф. д-р Влатко Чингоски*** е наменет за студентите на Електротехнички факултет како основен учебник по предметот **Инженерска економика**.

Овој предмет, според старата наставна програма, беше предвиден како изборен предмет во VII семестар, додека според новата наставна програма е предвиден како **изборен предмет во втор семестар на прв циклус студии за сите студенти на Електротехнички факултет, со неделен фонд на часови 2+1+1**.

Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во целост ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет, за да може да биде прифатен како основно учебник за преметот Инженерска економика.

**Податоци за обемот ракописот**

Ракописот за учебникот **„Инженерска економика“** од авторот ***проф. д-р Влатко Чингоски*** е напишан на македонски јазик, содржи вкупно 160 страници, компјутерски среден текст со проред 1,5, што овозможува лесно следење на презентираниот материјал.

Низ целиот теоретски дел од учебникот авторот дава едноставни примери кои можат да послужат за полесно разбирање и совладување на материјалот. Целиот ракопис е изработен на високо техничко ниво. При изработката на трудот кандидатот навел и голем број бибилиографски единици, од кои поголем број припаѓаат на релевантна стручна и научна литература од домашни и странски автори.

Обемот и содржината на ракописот се во склад со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Содржината на ракописот за учебникот *„Инженерска економика“* по предметот *Инженерска економика*, како изборен предмет во втор семестар за студенти на сите насоки

на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови 2+1+1, е целосно соодветна на усвоениот наставен план и програма и е логично структурирана со што води во насока на остварување на поставената цел и задачи на авторот.

По детално проучување на текстот на ракописот можеме да заклучиме дека учебник со слична содржина и форма не сме сретнале, како во домашната, така и во странската литература, кој би можел соодветно концизно и прецизно да се фокусира на проблемите од инженерската економика, а да биде во склад со потребите на современиот инженерски кадар.

**Краток опис на содржината**

Приложениот ракопис за учебникот **„Инженерска економика“** од авторот ***проф. д-р Влатко Чингоски*** содржи вкупно 160 страници текст, систематизиран во вовед, 11 глави, прилози и користена литература.

Сите делови од предметниот ракопис се меѓусебно поврзани во една целина и ги прикажуваат во целост проблематиката и прашањата од областа на инженерската економика за кои авторот смета дека треба да бидат изучувани од страна на студентите од техничките науки. Основна цел што авторот ја следи во подготовката на овој ракопис е запознавање на студентите со основните економски појави и законитости, со посебен осврт на нивна непосредна примена во инженерската пракса.

Во ***Воведот*** авторот, врз основа на сопственото досегашно педагошко и професионално искуство, се задржува и детално ја образложува идејата за пишувањето на учебникот, наметнувајќи ја истата како неопходност и потреба за непосредно запознавање и воведување на инженерите во основите на економијата и нејзините закономерности, особено во неколку специфични економски области, како што се *сметководството, изготвување и анализа на основните финансиски извештаи, инвестициското работење* и *изработка и анализа на студиите за изводливост и исплатливост*.

Во првиот дел насловен ***Општо за економијата***, авторот непосредно се задржува на неколку основни економски теми и поеми поврзани со дефинирањето, поделбите и нивната употреба во економијата, како што се *камата, каматна стапка и нејзиното пресметување, вредност на парите, данок на добивка* и *паричните текови*.

Вториот дел ***Еквивалентност на економските вредности и цената на капитал*** се задржува на објаснување на поимите како што се *акции* и *обврзници*, за да истовремено авторот прави успешен напор овие поими да ги доближи до читателот преку користење на едноставен математички апарат за пресметка на истите паралено со воведување уште на неколку типични економски и инвестициски параметри од типот на определување на *минималната стапка на повраток* и т.н. *прифатлива пазарна вредност* на производите и услугите.

***Средства на компанијата и управување*** со истите е трет дел од предложениот ракопис за учебникот. Во овој дел авторот врши дистинкција на средствата со кои се функционира во рамките на едно претпријатие и нивната поделба, за да истовремено се задржи и на појавите од типот на: *ангажирање на средствата, кружно движење и коефициент на обрт*, како и нивното трошење.

Во четвртиот дел ***Амортизација – системи и методи*** авторот проф. д-р Влатко Чингоски на мошне атрактивен начин со користење на пресметки и формули се задржува на значењето на амортизацијата во економското работење, на објаснување на постојните

системи и методи на амортизација, модели за пресметувањето на амортизацијата, како и на феноменот на промена на вредноста на постојаните средства во фунција од времето и интензитетот на нивно користење и методот за нивна ревалоризација.

Проблемите поврзани со видовите капацитет, објаснување на нивната суштина и содржина, како и мерењето на искористеноста на капацитетот, се централни точки што авторот ги објаснува во рамки на петтата глава што носи наслов ***Капацитет на постојаните средства***.

Темата ***Трошоци и управување со трошоци,*** ги разработува прашањата поврзани прво со различните видови на поделби и класификации што можат да се сретнат во современата литература што ја третира оваа проблематика. Притоа, на еден мошне елегантен и пред сè прифатлив начин, авторот со примена на табели и графикони успева мошне успешно да го прикаже движењето на трошоците во зависност од менувањето на обемот на производство.

*Продуктивност, економичност* и *рентабилност*, се централни прашања на седмата глава, со наслов ***Управување со квалитетот на економијата на претпријатието***. Тука, авторот ги разработува прашањата поврзани со основните поими, факторите што влијаат врз нивното манифестирање, како и методите и техниките што се применуваат при нивното пресметување.

Во осмата глава, ***Основни принципи на сметководството***, авторот пишува на еден мошне едноставен начин за основите на сметководството, како и за основните финансиски извештаи – *Биланс на состојба, Биланс на успех* и *Извештај за финансиските текови*. Притоа се задржува посебно на структуралната анализа на финансиските извештаи, односно методите на нивното правилно „читање“ и толкување на добиените податоци и показатели.

***Анализа на финансиските извештаи*** е наслов на деветтата глава. Во неа авторот, проф. д-р Влатко Чингоски, ги објаснува основните на т.н. *хоризонтална* и *вертикална анализа на финансиските извештаи*, како и *финансиската анализа базирана на споредбени коефициенти* кои најчесто се користат при анализа и споредба на финансиските резултати во рамките на претпријатието и/или со други блиски или сродни претпријатија. Притоа авторот посебно место им посветил на дел од овие коефициенти, задржувајќи се подетално на *коефициените на ликвидност, тековно работење, солвентност, профитабилност* и *пазарна вредност*.

***Споредба, анализа и избор на инвестициони алтернативи*** е десеттата глава. Најголем простор во оваа глава авторот посветил на дефинирање и објаснување на неколку специфични економски категории често користени во делот на инвестициското работење, како на пример *нето сегашна вредност, стапка на повраток на инвестиција, време на повраток на инвестиција, коефициент добивка/трошок*. Дополнително, во оваа глава може да се најде и објаснување за дел од методите кои се користат и наоѓаат соодветна практична примена во процесот на анализа, споредба и вреднувањето на инвестициските проекти со цел обезбедување ефикасност и ефективност на функционирање на претпријатието и реализација на неговите инвестициски потфати.

Најголем третман во трудот авторот посветува на ***Студијата на исплатливост***. Така и е нотирана последната глава од ракописот за учебникот. Тука авторот, по еден систематичен пат, сосема успешно и лесно за познавања на студентите од оваа проблематика успева да го објасни целиот процес на изработување на студијата на исплатливост, со што се заокружува целиот материјал што авторот и рецензентите сметаат дека е потребен за студенти кои го посетуваат овој предмет.

Во делот ***Прилози*** авторот набележува некои формули користени при пресметување на вредносите за кои во рамки на трудот пишувал и дал соодветни примери за полесно совладување на суштината на теоретскиот дел од учебникот.

Последниот дел е ***Користената литература***, во кој авторот проф. д-р Влатко Чингоски наведува библиографски единици што ја разработуваат проблематиката што е предмет на ракописот на учебникот.

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на понудената содржина и оценката за квалитетот и соодветноста на третираните теми релевантни на областа инженерска економика, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот ракопис од авторот ***проф. д-р Влатко Чингоски*** под наслов **„Инженерска економика“** одговара на критериумите за квалитет и приспособливост на наставните програми и соодветно на тоа му предлага на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип да го прифати **Извештајот за содржината, оценката и предлогот на ракописот** под наслов **„Инженерска економика“** изготвен од авторот ***проф. д-р Влатко Чингоски*** и да го одобри **издавањето и користењето на учебникот „Инженерска економика“** од авторот ***проф. д-р Влатко Чингоски*** како учебник по предметот **Инженерска економика**.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Кирил Постолов, с.р.**

**Проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска, с.р.**